# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ,,АВРАМ ПИСЕВСКИ” ВО УЧЕБНАТА 2022/23 ГОДИНА

АВГУСТ 2023

**Вовед**

ООУ „Аврам Писевски“ с. Бардовци, Скопје го изготви Годишниот извештај за работа во учебната 2022/2023 година врз основа на реализираните активности планирани во Годишната програма за работа на училиштето. Во овој документ, се наведени реализираните активности од учебната 2022/2023 година, нивните носители и реализатори, формите и начините на работа, успехот и поведението на учениците и предлози за подобрување на воспитно - образовниот процес. .Годишниот извештај за работа на училиштето е изготвен врз основа на следните документи:

1. Законот за основно образование;
2. Законот за работни односи;
3. Законот за јавни набавки;
4. Национална програма за развој на образованието;
5. Концепција за деветгодишно основно образование;
6. Концепција за основно образование од март 2021г.
7. Национални стандарди за постигањата на учениците на крајотод основното образование-март2022година
8. Стратегија за развој на образованието на Општина Карпош;
9. Измени во законската регулатива во системот за заштита на децата
10. Подзаконски и интерни акти и правилници
11. Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната идодатната настава во основните училишта
12. Наставни планови и програми, нови наста вни програми за прво и четврто одделение;
13. Адаптирани наставни програми по Cambrige International Examination Center;
14. Програма за развој на училиштето;
15. Програма за работа на училиштето од претходната година;
16. Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;
17. Податоци од Самоевалуацијата на училиштето;
18. Приоритетни подрачја во работата на училиштето
19. Концепција за воннаставни активности, БРО, 5.3.2020 година
20. Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта
21. Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони
22. Стратегија за образование 2018-2025, наставни планови и програми
23. Извештај од интегралната евалуација,
24. Извештај од самоевалуација,

## 1 .Општи податоци за основното училиште

### 1.1. Табела со општи податоци

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | **ООУ„ Аврам Писевски“** |
| Адреса, место, општина | ул.2 бр.10, Општина Карпош,Скопје |
| Телефон | 02/3095949 |
| Факс | 02/3095949 |
| Веб-страница | www.oouavrampisevski.edu.mk |
| Е-маил | info@oouavrampisevski.edu.mk; direktor@oouavrampisevski.edu.mk |
| Основано од | Општински комитет за образование,култура и физичка култура |
| Верификација-број на актот | Со решение бр.11-587/1986година |
| Година на изградба | 1979 година |
| Тип на градба | цврста градба |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 2166м$^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 7250 м$^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 500 м$^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | сопствено греење на нафта |
| Училиштето работи во смени | една смена |
| Број на паралелки | 14 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставатаво училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристичниза основното училиште | Сензорна соба |

Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| Членови на училишен одбор(име ипрезиме) | Јасмина Димчевска - Претседател на УО<br>Маја Христовска - претставник од редот на наставниоткадар Зорица Бебекоска-Спиридонов-претставник одредот на наставниот кадар<br>Александра Смилковска - претставник одредот нанаставниот кадар<br>Милан Иваноски- претставник од Совет на родителиМаријана Младеновска - претставник од Совет на родители<br>Фросина Мицевска -претставник од општина |
| Членови на советот народители(име и презиме) | Андријана Јаневска - претседател<br>-Милан Ивановски- заменикпретседател<br>Андријана Јаневска - записничар |
| Стручни активи (видови) | Наташа Весковски- стручен актив на наставниците ододделенска настава<br>Зорица Бебекоска – Спиридонов - струченактив на наставниците од природно-<br>математичката група на предмети<br>Љубица Манов- стручен актив од јазично-општествената група на предмети<br>Слаѓана Чекичевска - стручен актив од<br>предмети по вештини и уметничко-техничко |
| Одделенски совети(број нанаставници) | Одделенски совет на наставници од одделенска настава –9наставници<br>Одделенски совет на наставници од предметна настава –14наставници |
| Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме) | Кристина Андриќ Стојановска-директор,<br>Маријана Грчевска Чадиковска дефектолог<br>Мери Синадиновска-психолог,Родител-Абибе Сулејманова Родител<br>Валентина Ангелевска<br>Слободанка Пешевска -одд. наставникСлаѓана Ч кичевска - предметен наставник |
| Заедница на паралелката(број на ученици) | 3 ученици по 14 паралелки |
| Членови на ученичкиот парламент (број на ученици,<br>име и презиме на претседателотна ученичкиот парламент) | 8 ученици (претседатели на паралелки 7, 8 и 9 одд.),Претседател на ученичкиот парламент –ученик |

## 2.Податоци за условите за работа на основното училиште

### 2.1.Мапа на основното училиште





**2.2.Податоци за училишниот простор**

Училишната зграда (од цврста градба) има покриена површина од 2316 м2 , каде што се сместени училници, кабинети, фискултурната сала и друг помошен простор за нормално одвивање на наставата. Училишниот двор има површина од 7250 м2 , со надворешните спортски терени (500м2) и 5000m2 дворна површина, од која 1700m2 се уредени со зеленило и пристапна патека. Вкупната површина на училиштето (зградата и дворот) е 10000м 2 .

Училиштето се затоплува со сопствен систем за парно греење со користење на нафта

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | Една |
| Број на подрачни училишта | Нема |
| Бруто површина | 10.000 $м^2$ |
| Нето површина | 2166 $м^2$ |
| Број на спортски терени | 2 |
| Број на катови | 2 ( приземје и кат) |
| Број на училници | 12 |
| Број на помошни простории | 8 |
| Училишна библиотека, | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено греење на нафта |

**2.3. Простор**

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** |
|---|---|---|
| Училници | 10 | 770$м^2$ |
| Училница | 1 | 28,11 $м^2$ |
| Кабинети | 2 | 12$м^2$ |
| Библиотека | 1 | 28,11 $м^2$ |
| Сензорна соба | 1 | 18,5 $м^2$ |
| Читална | / | / |
| Спортска сала | 1 | 560 $м^2$ |
| Канцеларии | 4 | 141,8 $м^2$ |
| Училишен двор | | 7600$м^2$ |
| Заеднички простор Запрослави | / | / |
| Чајна Кујна | 1 | 16м2 |
| Трпезарија | / | / |

**2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опремаи наставни средства“**

| **Наставен предмет**<br><br>**(одделенска и предметнанастава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Компјутери за наставници (одд и | 3 | 11 |
| Лаптопи за ученици (предметна настава) | 4 | 12 |
| Интерактивни табли | 4 | 4 |
| Лап топ за наставници | 2 | / |
| Лап топи за администрација | 4 | 2 |
| ЛЦД | 7 | 8 |
| ДВД | 1 | |
| ДВД/ЦД/МП3 Комбо | 1 | |
| Телевизори | 1 | |
| ЦД – плеери | 2 | |
| Музички систем | 1 | |
| Пијано | 1 | |
| Принтери | 6 | |
| Фотокопири | 3 | |
| Дигитален фотоапарат | 2 | |
| Кабинет по информатика | 1 | |
| Спорстка опрема | Јаже за прескок – 3,<br>Шах табла -1,<br>Масаза пинг-понг -1,<br>Отскочна даска -2,<br>Шведски сандак -1, | 3 |
| Топки за фудбал | 6 | 2 |
| Топки за ракомет | / | 4 |
| Топки за баскет | 3 | 3 |
| Хулахопи | 6 | 6 |
| Чуњеви | 10 | 10 |
| Греди | 2 | / |
| Кошеви | 3 | / |
| Торзо | 3 | / |

### 2.5.Податоци за училишната библиотека

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Учебници | 4234 |
| 2. | Лектири | 530 |
| 3. | Белетристика | 1330 |
| 4. | Стручна литература | 280 |

### 2.6 Обновување на простори во основното училиште за учебната2022/23

Во учебната 2022/23 во училиштето беа реконструирани:

Соблекувалните и тоалетите во рамките на спортската сала. Исто така одредени училницибеа санирани од истекување на вода.Уредување на дел од училишниот двор во еко училница.Промена на старите  прозори во спорстката сала со нови ПВЦ. Промена на целата електрична инсталација во спортската сала,поставување на лед светилки.Молерисување на целото училиште со антиалергенски бои кои не предеизвикуваат алергии кај учениците и кои имаат заштита од пренесување на заразни болести.Истите бои се одржуваат само со бришење со вода.Репарирање на сите врати во училиштето и промена на брави на истите.

Сите активности поврзани со реконструкција Се реализирани во координација со општина Карпош

## 3.Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

### 3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен На образо -вание | Работно место | Ментор/ советник | Години\ на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Слободанка Пешевска | 1968 | Проф. По предучи. Настава | ВСС 7/1 | Оддел. Настав | не | 26 |
| 2 | Весна Спасенцовска | 1977 | Проф. по оддел. Настава | ВСС 7/1 | Одделен. Настав. | не | 22 |
| 3 | Александра Гаврилоска | 1977 | Проф. по оддел. настав. | ВСС 7/1 | Оддел. Настав | не | 21 |
| 4 | Снежана Богдановиќ | 1988 | Проф. по оддел. настав. | ВСС 7/1 | Оддел. Настав | не | 4 |
| 5 | Оливера Петрушевска | 1983 | Проф. по оддел. Настава | ВСС 7/1 | Оддел. Настав | не | 13 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Александра Божиновска | 1986 | Проф. по оддел. Настава | ВСС 7/1 | Оддел. Настава | не | 13 |
| 7 | Александра Смилковска | 1978 | Проф. по оддел. Настава | ВСС 7/1 | Оддел. Настава | не | 20 |
| 8 | Наташа Весковски | 1986 | Проф. по оддел. Настава | м-р | Оддел Настава | не | 11 |
| 9 | Александра Илиевска | 1975 | м-р по психологија и Проф. по математика и физика | м-р | Наст по физ и математика | не | 20 |
| 10 | Ивана Ристоска | 1985 | Проф. по мак.јазик | ВСС 7/1 | Нас по мак.јазик | не | 5 |
| 11 | Елена Мазни | 1980 | Проф. по математика | ВСС 7/1 | Наст. по математика | не | 13 |
| 12 | Слаѓана Чекичевска | 1965 | Проф. по музичко Образо. | ВСС 7/1 | Нас по музич. Образов | не | 30 |
| 13 | Зорица Бебекоска Спиридонов | 1968 | Проф. по хемија | ВСС 7/1 | Наставник по природни науки и техничко образование | да | 16 |
| 14 | Наташа Томшиќ | 1980 | Проф по англ. јазик и книжевност | ВСС 7/1 | Нас по англ. Јазик | не | 17 |
| 15 | Љубица Манов | 1988 | Проф .по англ. јазик и книжевност | м-р | Наст по.англ.Јазик | не | 15 |
| 16 | Давор Божиноски | 1987 | Професор по физичко и здраствено образование Воспитувањ е и магистер по спортски менаџмент | м-р | Наст. по физ. и здрав.обр | Не | 12 месеци |
| 17 | Зоран Пржовски | 1993 | Проф. по историја | ВСС 7/1 | Наст .по историја | не | 2 |
| 18 | Благојче Бошковски | 1988 | Проф .по Географија | ВСС 7/1 | Наст по географија | не | 8 |
| 19 | Ана Дионисиева | 1987 | Проф. по информатика | ВСС 7/1 | Наст.по информатика и Иновации | не | 7 |
| 20 | Благица Атанасовски | 1988 | Проф .по фран јазик | ВСС 7/1 | Наст. по франц.Јазик | не | 10 |
| 21 | Маја Христова | 1981 | Проф. по биолог ија | м-р | Наст.по Биологија и хемија | не | 16 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Душко Деспотовски | 1983 | Проф. по физ.и здрав. обр. | ВС С 7/1 | Наст. по физ. и здрав.об р. | не | 8 |
| 23 | Елена Тодоровска | 1982 | Филолог по македонски јазик со српски јазик | ВС С 7/1 | Наст.По Македонси јазик | не | 8 |
| 24 | Елка Даскалова до 12.2.2023<br><br>Ана Деспотовска од 1.2.2023 | 1990 | Педагог | ВС С 7/1 | Наст. По одделенска настава (продолжен престој) | не | 9 |
| 25 | Татјана Митрички | 1974 | Филозофски Историја и архивистика | ВС С 7/1 | Библиотекар | не | 8 |
| 26 | Маја Крстева | 1983 | Проф по ликовно образование | ВСС 7/1 | Проф по ликовно образован ие | не | 6 |
| 27 | Џеврие Фасљии | 2000 | Техничар за патен сообраќај | ССС 4/1 | Наставник по ромски јазик и култура | не | 0 |
| 28 | Катерина Миленкова До 24.2.2023 | 1979 | Машински инжињер | ВСС 7/1 | Наст. по математика | не | 5 |
| 29 | Менка Трајковска | 1988 | Проф по одделенска настава | ВСС 7/1 | Наставник по одделенска настава (дневен престој) | не | 5 |
| 30 | Маријана Грчевска Чадиковски | 1979 | Дефектолог | ВСС 7/1 | Дефектолог | Не | 14 |
| 31 | Далида Младеновска До 17.11.2022<br><br>Мери Синадиновска Од 25.01.2023 | 1970<br><br>1985 | Психолог<br><br>Психолог | ВСС 7/1<br><br>ВСС 7/1 | Психолог<br><br>Психолог | Не<br><br>Не | 10<br><br>10 |

### 3.2. Податоци за раководните лица

| Ред. Број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кристина Андриќ Стојановска | 1984 | педагог | ВС С 7/1 | директор | не | 13 |

### 3.4. Податоци за вработените административни службеници

| Ред. Број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Павлина Стојковска | 1965 | Економист | ВШС 6/1 | секретар | 26 |

### 3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. Број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Емилија Младеновска | 1976 | економист | СС С 4/1 | хигиеничар | 11 |
| 2. | Маја Велковска | 1978 | работник | ОО | хигиеничар | 8 |
| 3. | Душко Божиновски | 1983 | тапетар | СС С 3/1 | хаусмајстор | 11 |
| 4 | Вероника Горубинска | 1976 | тапетар | СС С 3/1 | хигиеничар | 9 |

**3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори**

| Ред. Број | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на Раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Години на стаж | Временски период за кој еангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сенти Салиова | 1987 г. | Проф.по герм.јазик | ВСС | / | 1.9.2022-31.8.2023 год. |

### 3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 40 | 6 | 31 | | | | | | 1 | | 2 | / | |
| **Број на наставен кадар** | 29 | 4 | 23 | | | | | | 1 | | 1 | | |
| **Број на воспитувачи** | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 3 | | 3 | | | | | | | | | | |
| **Администр а-тивни работници** | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| **Помошно-технички кадар** | 5 | 1 | 4 | | | | | | | | | | |
| **Директор** | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| **Помошник директор** | / | | | | | | | | | | | | |
| **Образов. медијатор** | 1 | | | | | | | | | | 1 | | |

### 3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор Циклус | 6 |
| Високо образование | 28 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 1 |

### 3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 2 |
| 31-40 | 17 |
| 41-50 | 15 |
| 51 -60 | 5 |
| Над 61 | 1 |

### 3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Согласно член 61 од Законот за основно образование и Протоколот за утврдување на процедурата за запишување на ученици во прво одделение во основните училишта, во ООУ„Аврам Писевски“, запишувањето на деца за прво одделение во училиштето го изврши тричлена комисија во состав:

- Мери Синадиновска, психолог
- Слободанка Пешевска, одд.наставник
- Маријана Грчевска Чадиковска дефектолог

| Одд. | Број на паралелки | Број на Ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 1 | 34 | 14 | 5 | / | / | / | / | / | / | 3 | 12 | / | / |
| II | 1 | 26 | 10 | 6 | / | / | / | / | / | / | 4 | 6 | / | / |
| III | 2 | 35 | 8 | 8 | / | / | / | / | / | / | 10 | 9 | / | / |
| **I-III** | **4** | **95** | **32** | **19** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **17** | **27** | **/** | **/** |
| IV | 2 | 33 | 5 | 5 | / | / | / | / | / | / | 11 | 12 | / | / |
| V | 2 | 34 | 4 | 7 | / | / | / | / | / | / | 8 | 15 | / | / |
| **IV-V** | **4** | **67** | **9** | **12** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **19** | **27** | **/** | **/** |
| **I-V** | **8** | **162** | **41** | **31** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **36** | **54** | **/** | **/** |
| VI | 2 | 28 | 9 | 9 | —/ | —/ | /- | /- | - / | - / | 7 | 2 | —/ | / |
| IV-VI | 6 | 95 | 18 | 21 | 1 | / | / | / | / | / | 26 | 29 | / | / |
| VII | 1 | 17 | 8 | 4 | / | / | / | / | / | / | 2 | 3 | / | / |
| VIII | 2 | 31 | 4 | 9 | / | 1 | / | / | / | / | 14 | 3 | / | / |
| IX | 1 | 19 | 6 | 9 | / | 1 | / | / | / | / | 3 | / | / | / |
| VII-IX | 4 | 67 | 18 | 22 | / | 2 | / | / | / | / | 19 | 6 | / | / |
| **VI-IX** | **6** | **95** | **27** | **31** | **1** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **26** | **8** | **/** | **/** |
| **I-X** | **/** | **257** | **68** | **62** | **1** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **62** | **62** | **/** | **/** |

Во учебната 2022/2023 година запишани беа вкупно 257 ученици од кои 162 од прво до петто одделение, а 95 ученици од шесто до деветo одделение. Во училиштето учениците се од мешан етнички состав и тоа: ученици од македонска етничка припадност ), ученици од ромска етничка припадност и од албанска етничка припадност.

## 4.Материјално-финансиско работење на основното училиште

Сите постапки поврзани со материјално финансиското работење кои ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Во училиштето има Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите прописи и правила поврзани со реализацијата на јавните набавки. Целиот буџет се искористи наменски и за креативни цели кои беа насочени кон подобрување на квалитетот на наставата,учењето и развојот на училиштето во целина.Училиштето навремено ги информираше органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето

## 5.Мисија и визија

### МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашата мисија е создавање на одговорни ученици кои се поттикнуваат, поддржуваат и почитуваат себеси и другите, постигнуваат извонредни успеси и чекорат по патот на успехот.

### ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашата визија е обезбедување на еднакви можности на учениците од сите етнички групи, природно опкружување кое го има ученикот во својот фокус, што ќе ги поттикне учениците да бидат одговорни, креативни, иновативни, да се почитуваат и да се стекнуваат со одредени знаења и вештини.

1. Што сакаме да постигнеме? Во училиштето да има здрава и пријатна средина каде учениците ќе се поддржуваат, поттикнуваат и почитуваат, ќе се здобијат со основни знаења умеења и вештини неопходни за продолжување на образованието и секојдневното функционирање, додека наставниците би реализирале современа и квалитетна настава со примена на современи наставни методи и техники како иконтинуирано професионално усовршување.

2. На кој начин би го постигнале тоа? Со постојани работилници, наставни и воннаставни активности, поттикнување на вештините за секојдневно функционирање преку практични работилници и работилници за споделување. Организирање семинари и континуирано усовршување на наставниот кадар и стручната служба, учество во вебинари и онлајн семинари и работилници, работилници за споделување на наученото по стручни активи.

## 6."Lessons learned" – Веќе научено / стекнати искуства

Од работата на училиштето во учебната 2022/2023
година особено значајна беше реализацијата на проектите и воннаставните активностите анализата со коисе постигнаа следните подигање на свеста на учениците за прифаќање на лицата со посебни
цели:

- унапредување на мултикултурализмот, потреби и надминување на предрасудите реализација на проекти со ученици и меѓуетничката толеранција и соработка
- обуки за наставници
- подигање на свеста на учениците за прифаќање на лицата со посебни потреби и надминување
- на предрасудите,
- Спроведување на Проектот АРИСЕ Проект за намалување на нееднаквостите во
- Образованието. Обука на наставници кои ќе ги пренесуваат своите вештини за критичко размислување и решавање на проблеми да им овозможиме што поквалитетно постигнување на учениците со послаба мотивација за работа и со послаби вештини.
- спроведување на проект „ВЕЛО УЧИЛИШТЕ“ , за промоција на велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз на учениците.

## 7. Реализација на акциски планови

Подрачја на промени, приоритети и цели Од листата на потреби за учебната 2022/2023 година, во училиштето се реализирани следните активности по подрачја и приоритети:

| Приоритетни подачја | Критериуми за успех | Инструменти | Индикатори за успешност | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|
| Подобрување на квалитетот во организацијата на наставата<br><br>(користење на различни дигитални платформи за примена на иновативни пристапи во наставата) | Реализирани обуки<br><br>Примена иноватинвни интегрирани пристапи во наставата | примена на интервју и прашалници за наставници,<br><br>Примена<br><br>На ИКТ технологија, | Стекнати и применети знаења од обуките,<br><br>Подобар успехна учениците,<br><br>Зголемен интерес кај учениците преку иновативен начин на учење | Записници од состаноци,<br><br>Извештаи,<br><br>Приложени презентации<br><br>, |
| Учество на учениците во решавањето проблеми и Донесување то одлуки Промовирањена ученички активизам | Зголемен интерес кај учениците за Ученички активизам и учество во работата на училиштето | Прашалници,<br><br>Анкети<br><br>Разговори<br><br>Квиз<br><br>Работилници | Зголемен процент на вклучени ученици во активностите | Записници од состаноци,<br><br>Извештаи,<br><br>Остварени<br><br>Се 10<br><br>средби |
| Набавка на наставни средства и помагала и опремување со асистивна технологија | Изготвена листана потреби<br><br>Одредени приоритети и извршен избор за набавка на наставни средстваи помагала и асистивна технологија | Анкети,<br><br>Изготвени преглед и<br><br>Работилници | Набавени наставни средстваи помагала и асистивна технологија инивна примена | Увид во документација,<br><br>Записници од состаноци,<br><br>Извештаи,<br><br>Приложени презентации, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество на родителите во реализација на наставните планови и програми училиштето | Утврдени потреби за поактивно учество на родители<br><br>Учество на родителите во вон наставни активности | Родителите Се вклучија Во реализација На различни вон наставни активности и го зголемија своето присуство | Задоволително присуство на родители, но недоволно присуство на родителите од семејствата од социјален ризик Во училиштето | Извештаи Работилници |

**Одговорни за следење** - следењето на реализацијата на активностите ќе се одвива континуирано преку целата учебна година од страна на директорот, психологот и претседателите на активите.

**Критериум за успех** - примена на новините во наставата со кои наставниците се запознале на посетените обуки; анализа на упатствата и проучување на прирачниците и учебниците; изготвени годишни програми за работа со испланирани современи наставни методи и техники на работа, со кои кај учениците ќе се зголеми интересот за подобри постигања, акцент на активна настава и практична настава

**Инструменти** - примена на интервју и прашалници за наставници, ученици и родители, чек - листи, посета на часови и согледувања од посетата ,примена на икт технологија.

**Индикатори за успешност** - поголем процент на применети наставни методи и техники во работата на наставниците од согледувањата во минатата учебна година, просекот на оценките е покачен, се намалува бројот на слаби оценки, зголемена соработка со родителите.

**Повратна информација** – усни и писмени информации од увидот во документацијата, записници од состаноци, извештај од работилниците.

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Календарот за организација и работа на основните училишта го донесува Министерот за образование. Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските цели во наставната година: полугодие, други форми на воспитно- образовна дејност иученички одмор за учебната 2022/2023 година.

Учебната година започна на 1ви Септември 2022 година.Првото полугодие започна на 1ви Септември и заврши на 30ти Декември 2022 година. Второто полугодие започна на 23ти Јануари 2023 година и заврши на 14ти Јуни 2023година.

Зимскиот одмор за учениците започна на 31 декември 2022 година и заврши на 22 јануари 2023 година.

Организацијата на наставата се одвиваше согласно Календарот за организација на работата наосновните училишта за учебната 2022/23 година.

**Календар за одбележување на значајни датуми, акции, прослави, приредби итн**

.

| | |
|---|---|
| 8 септември | Ден на независноста на Р. Северна Македонија |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 29 септември | Европски ден на јазиците |
| 1 октомври | Меѓународен ден на старите лица |
| 5-9 октомври | Недела на детето |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| 1 ноември | Ден на општината |
| 20 ноември | Светски ден на детето |
| 28 декември | Новогодишен хепенинг |

**Еколошки календар**

| | |
|---|---|
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 8 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| 5 март | Светски ден на заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден на заштеда на вода |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |

**Мио календар**

| | |
|---|---|
| 31 октомври | Одбележување на – Halloween |
| 22 ноември | Ден на албанската азбука |
| 18-22 декември | Работилница со цел правење украси за Нова година |
| 25 декември | Католички Божиќ |
| 21 февруари | Меѓународен ден на мајчиниот јазик |
| 8 април | Меѓународен ден на Ромите |
| 12 април | Одбележување на Велигден |

**Неработни денови во учебната 2022/2023 за сите граѓани на Р.С.М:**

8 Септември – Ден на независноста
11 Октомври - Ден на народното востание
23 Октомври - Ден на македонската Револуционерна Борба (недела) неработен 24 Октомври (понеделник)
8 Декември — Св. Климент Охридски
17 Април - Велигден
21 Април - Рамазан Бајрам
1 Мај - Ден на трудот
24 Мај - Св Кирил и Методиј, Ден на сесловенските просветители

**8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите**

Табела со податоци за поделба на одделенско раководство во одделенска настава во учебната2022/2023 година

| Р.бр. | Име и презиме | Одделение |
|---|---|---|
| 1. | Слободанка Пешевска | I а |
| 2. | Весна Спасенцовска | II а |
| 3 | Александра Гаврилоска | III а |
| 4 | Снежана Богдановиќ | III б |
| 5 | Александра Смилковска | IV а |
| 6 | Оливера Петрушевска | IV б |
| 7 | Менка Трајковска/Александра Божиновска | V а |
| 8 | Наташа Весковски | V б |
| 9 | Елка Даскалова/Ана Деспотовска | Одделенски наставник во продолжен Престој |

Одговорен наставник: Наташа Весковски - претседател

-Наставници кои предаваат во предметна настава

| Р.б. | Име и презиме | СП | Наст. предмет | Одд. во кое предава | Фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ивана Ристоска | VII/1 | Македонски јазик | VIa,VIб, VIIa, VIIIa,VIIIб, | 20 |
| 2. | Александра Илиевска | VII/2 | математика, | VIIIa,VIIIб, IXa | 12 |
| | | | физика | VIIIa,VIII б, IXa | 6 |
| | | | Вешт. за жив. | VIII a | 2 |
| | | | Вкупно | -------------------- | 20 |
| 3. | Катерина Миленкова до24.2.2023 Елена Мазни | VII/1 | математика | VIa, VIб,VIIa | 14 |
| | | | Проекти од информатиката | VIIa | 2 |
| | | | Вкупно | -------------------------- | 16 |
| 4. | Наташа Томшиќ | VII/1 | англиски јазик | Ia, VIa, VIб,VIIa, VIII б VIIIa, IXa | 20 |
| 5. | Љубица Манов | VII/2 | англиски јазик | IIa, IIIa, IIIб,IVa,IVб,V a,Vб | 20 |
| 6. | Слаѓана Чекичевска | VII/1 | Соло пеење | V a, V б, | 2 |
| | | | музичко образ. | VIa, VIб, VIIa, VIIIa,VIIIб IXa, | 6 |
| | | | хор и оркестар | VIa, VIб, VIIa, VIIIa,VIIIб IXa, | 6 |
| | | | Проекти од музичка уметност | IXa, | 2 |
| | | | вкупно | -------------------- | 16 |
| 7. | Благојче Бошковски | VII/1 | географија | VIa, VIб, VIIa, VIIIa, VIIIб, IXa | 12 |
| | | | Истражување народниот крај | IXa, | 2 |
| | | | вкупно | -------------------- | 14 |
| 8. | Маја Христовска | VII/2 | биологија | VIIa,, VIIIa, VIIIб ,IXa | 8 |
| | | | унапредувањена здравјето | VIIIa | 2 |
| | | | хемија | , VIIIa, VIIIб, IXa, | 6 |
| | | | вкупно | | 16 |
| 9. | Зорица | VII/1 | природни науки | Va, Vб, VIa VI б | 8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Бебекоска-Спиридонов | | Техничко образовани и информатика<br><br>Техничко образовани | Va,Vб<br><br>VI a VI б | 4<br><br>2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | вкупно | ------------------ | 14 |
| 10 | Зоран Пржовски | VII/1 | историја | VIa, VIб, VIIa, VIIIa, VIIIб, Ixa | 12 |
| | | | граѓанско образовани | VIIIa, VIIIб, IXa | 3 |
| | | | Запознавањеcо религиите | VIa, VIб | 4 |
| | | | Етика | VIIa | 1 |
| | | | вкупно | ------------------- | 20 |
| 11 | Џеврије Фасљии | Средно образование | Јазик и култура на Ромите | VIa,VIб,VIIa Ivб,Va,Vб | 14 |
| 12. | Давор Божиноски | VII/1 | ФЗО | VIa, VIб, VIIa, VIIIa, VIIIб, Ixa | 18 |
| | | | Слободен изборен предмет/Одбојка | Iva | 2 |
| | | | Вкупно | -------------------------- | 20 |
| 13. | Ана Дионисиева | VII/1 | информатика, | VIa,VIб,VIIa, | 5 |
| | | | иновации | Ixa | 1 |
| | | | Админ | - | 3 |
| | | | Вкупно | - | 9 |
| 14. | Благица Атанасовски | VII/1 | француски јазик | VIa, VIб, VIIa, VIIIa,VIIIb, IXa, | 12 |
| 15 | Душко Деспотовски | VII/1 | Физичко и здравствено | Ia, IIa, IIIa, IIIб,IVa,IVб | 18 |
| 16 | Маја Крстева | VII/1 | Ликовно образование | VIa, VIб, VIIa, VIIIa, VIIIб, IXa, | 6 |

## Наставници кои дополнуваат во друго училиште

| Р.б. | Име и презиме | Училиште | Предмет | Бр. на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Слаѓана Чекичевска | ООУ „Вера Цирвири-Трена“и ,,Владо Тасевски’’ | Музичко Образование | 7 |
| 2. | Зорица Бебекоска- | ООУ„Петар Поп Арсов“ | природн инауки | 6 |
| 3. | Ана Дионисиева | ООУ „Братство“<br>ООУ,, Вера Цирвири Трена” | Информатика<br>иновации | 14 |
| 4. | Благојче Бошковски | ООУ„Петар Поп Арсов“ | Географија | 6 |
| 5. | Маја Крстева | ООУ” Братство” | Ликовно образование<br>Проекти од ликовната уметност, | 8<br>8 |
| 6. | Благица Атанасовски | ООУ „Братство“ | Француски јазик<br>Вештини за живеење<br>Етика | 6<br>4<br>2 |
| 7. | Елена Мазни | ООУ”Лазо Трповски” | Математика | 5 |
| 8. | Маја Христовска | ООУ ‘Војдан Чернодрински’ | Хемија | 4 |

## 8.1.РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ

Распоредот во учебната 2022/23 се менуваше поради замена и потреба од ангажман на нови наставници.

## 8.2. Работа во смени

Наставата се остваруваше во 180 наставни дена. Наставниот час траеше 40 минути за учениците .Наставата започнуваше во 8,00 часот, а завршуваше во 13,25 часот и се одвиваше во една смена.

## 8.3. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски Јазик | Албански јазик | Турски Јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 14+1 Продолжен престој | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 247 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 30 | / | / | / | / |

## 8.4. Проширена програма

Проширената програма на основното училиште опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој во една група. Во училиштето беше организиран продолжен престој и согласно изготвената програма за работа се реализираа активности со учениците во група составена од прво до трето одделение (прв развоен период) во согласност со родителите. За време на продолжениот престој учениците учеа, ги работа домашните задачи, работеа со други училишни обврски и учествуваа во културно — уметнички и други активности, согласно со Годишната програма за работа на училиштето. Со учениците од продолжениот престој, работеа и ученици тутори од погорните одделенија, кои им помагаа во извршувањето на училишните задачи.

Продолжениот дневниот престој се изведуваше во текот на работниот ден.
Работното време на наставникот од продолжен престој започнуваше во 11:15 часот и завршуваше во 15:00 часот.
Во текот на работниот ден учениците изведуваа низа образовни и воспитни активности

### 8.5. Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

### 8.6. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

- Во училиштето учениците го изучуваат англискиот јазик како задолжителен странски јазик, францускиотјазик е втор задолжителен јазик.

| | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Број на наставни Ци** |
|---|---|---|---|
| **Прв странски јазик -Англиски јазик** | 14 | 258 | 2 |
| **Втор странски јазик-француски Јазик** | 6 | 96 | 1 |

### 8.7. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прводо петто одделение

| Име и презиме на тандем наставници по физичко и здравственообразование | | |
|---|---|---|
| Одделение | Одделенски наставник | Наставник по физичко и здравствено образование |
| Iа одд. | Слободанка Пешевска | Душко Деспотовски - 3 наставни Часа |
| IIа одд. | Весна Спасенцовска | Душко Деспотовски - 3 наставни часа |
| IIIаодд.<br>IIIбодд. | Александра Гаврилоска<br>Снежана Богдановиќ | Душко Деспотовски - 6 наставни часа |
| IVа одд.<br>IVб одд. | Александра Смилковска<br>Оливера Петрушевска | Душко Деспотовски - 6 наставни часа |

### 8.8. Изборна настава

Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошират и продлабочат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следат согласно наставниот план и според тоа како се изјасниле во претходно спроведена анкета. На крајот на учебната 2021/2022 година се спроведоа анкети кај учениците за избор на изборните предмети кои ќе ги изучуваат во учебната 2022/2023 год. Според резултатите оваа учебна година се изучуваа следниве изборни предмети:

VIа,VIб,- Запознавање со религиите ,предметен наставник Зоран Пржовски

VIIа-Проекти од информатиката ,предметен наставник

Катерина Миленкова/Елена Мазни

VIIIа-Вештини за живеење ,предметен наставник Александра

Илиевска VIIIб-Унапредување на здравјето ,предметен

наставник Маја Христовска

IXa-Проекти од музичката уметност,предметен наставник Слаѓана

Чекичевска

IXa-Истражување на родниот крај,предметен наставник Блаѓојче

Бошковски

IVб,Va,VIa,VIб,VIIa-Јазик и култура на Ромите,предметен наставник Џеврие Фасљии

За учениците од четврто одделение и петто одделение беа спроведени анкети за изборни предмети според новата Концепција за основно образование и насоките на МОН и БРО, и според нив се реализираа следниве слободни изборни предмети.

IVa –Слободен изборен предмет Одбојка,предметен наставник Давор Божиновски 1 полугодие

IVa –Слободен изборен предмет Образование за животни вештини, одделенски раководител Александра Смилковска 2 полугодие

IVб-Слободен изборен предмет Образование за животни вештини одделенскираководител Оливера Петрушевска 1 полугодие

IVб-Слободен изборен предмет Одбојка,предметен наставник Давор Божиновски 2 полугодие

Va-Слободен изборен предмет Соло пеење предметен наставник

Слаѓана Чекичевска-1 полугодие

Vб-Слободен изборен предмет Соло пеење предметен наставник

Слаѓана Чекичевска-2 полугодие

Vб-Слободен изборен предмет Оригами одделенски раководител

Наташа Весковски

Va-Слободен изборен предмет Оригами одделенски раководител

Александра Пројковска

## 8.9. Дополнителна настава

Врз основа на член 33 став(2) од Законот за основно образование(Службен весник на Република Северна Македонија“вр.161/19година) во нашето училиште се спроведуваше дополнителната настава за ученици од прво до деветто оддление кои во текот на редовната настава се со помали предзнаења кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, подолго време отсуствуваат од настава иимаат потешкотии во учењето. Реализацијата на дополнителната настава беше во соработка со родител/ старател.

Во учебната 2022/2023 година дополнителна настава се организираше за ученици кои имаа потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети, за ученици кои покажуваат континуирано или периодично слаби резултати и вештини во учењето, а особено ако имаа најмалку две слаби оценки и на барање на ученикот или неговиотродител, односно старател.
Наставниците ја реализираа дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година. Наставниците ја организираа и реализираа дополнителната настава со група од најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделние. Начинот на работа на наставниците на часот за дополнителна настава е, по правило, индивидуална/индивидуализирана работа, а по потреба, наставниците ја организираа дополнителната настава со групна форма на работа, за учениците кои имаа потешкотии во постигањето на очекуваните резултати. Училиштето на месечна основа истакна распоред за дополнителна настава на видно место,огласна табла и на веб страницата на училиштето.

## 8.10. Додатна настава

Додатната настава се реализираше во согласност со наведените Правилници за организацијата и начинот на спроведување. Акцент на работата е ставен на работа со: напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.Училиштето на месечна основа изготвуваше распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавуваше на огласна табла и на својата интернет страница. Реализацијата е прикажана во табела во Прилози

## 8.11.Работа со надарени и талентирани ученици

На талентираните и надарени ученици во нашето училиште им се обрнуваше особено внимание. Наставниците по соодветните предмети работењето со талентираните и надарени ученици го реализираа според програмата за работа за додатна настава. Во текот на учебната година учениците земаа учество на литературни конкурси и ликовни и музички натпревари кои се организираа на регионално, градско и државно ниво, а постигнатите резултати се прикажани во Прилози.

## 8.13.Работа со ученици со посебни образовни потреби

На учениците со посебни образовни потреби им се обрнуваше особено внимание во нашето училиште, со оглед на фактот дека станува збор за групи ученици од хетероген состав во однос на психофизичкиот, социјалниот и емоционалниот развиток. Учениците со посебните образовни потреби, според членот 35 од Законот за основно образование (Сл. Весник бр. 161 од 5 август 2019), се:

-ученици со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа содругите,

-ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини.

Во училиштето по процедурата за идентификација на деца со посебни образовни потреби, се изготви програма за работа, индивидуален образовен план и модифицирана програма за секој ученик со посебниобразовни потреби за кој што имаше соодветна медицинска белешка и односно извршена проценка од Комисијата за процена според МКФ. За подобрување на условите за работа содеца со ПОП,

Училишниот инклузивен тим, во состав: директор Кристина Андриќ Стојановска, дефектолог Маријана Грчевска Чадиковска, психолог Мери Синадиновска,одделенски наставник Слободанка Пешевска, предметен наставник Слаѓана Чекичевска, родители Абибе Сулејманова и Валентина Анѓелевска сегрижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивни тимови за ученици кои што работат по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма од членот 30 од Законот за основно образование.
Во учебната 2022/2023 година во училиштето се евидентираа 8 ученици со мислење од Заводот за ментално здравје, а 5 ученика со процена на психофизичката состојба, извршенаод страна на Стручно тело за процена според МКФ, за кои наставниците изработуваат посебни програми за работа. За 2 ученика со ПОП во соработка со ОУРЦ “Златан Сремец” од Скопје, с е обезбедени образовени асистенти, а се надеваме на доделување и на уште2 асистенти. Имаме и 1 ученик кој работи по модифицирана програма и 2 дена од неделата наставата ја следи во ОУРЦ “Златан Сремец” од Скопје. Инклузивниот тим на училиштето, одлучи ученикот кој нема доделено образовен асистент,да добие тутор за работа во домашни услови, од страна на Фондацијата “Чекор по Чекор”. Но, поголем е бројот на ученици кои поради лоши материјални услови и социо-емоционална депривација покажуваат заостанување во психофизичкиот и социо- емоционалниот развој за кои ќе се организира дополнителна настава според потребите на учениците. За учениците со посебни образовни потреби се изготвија индивидуални образовни планови како и модифицирана наставна програма. Се одржаа и интерни обуки за наставниците со која се опфатија методите и диференцираната настава според специфичноста на посебните потреби на учениците. Дефектологот од нашето училиште, редовно работеше со оваа група на ученици, како индивидулано, така и преку посета на часовите.
За учениците од ромската етничка припадност, кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, училиштето ангажира образовен медијатор како и во претходната учебна година. Образовниот медијатор преземашеактивности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштето, спроведуваше редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со

спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработуваше со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, преземаше активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Училиштето нема тутор волонтер.

### 8.15. Реализација на активностите на образовниот медијатор во првото полугодие во учебната 2022/23 година

Образовниот медијатор преземаше активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштето, спроведуваше редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработуваше со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, преземаше активности за намалување на напуштањето на воспитно- образовниот процес на учениците.Реализираните активности на образовниот медијатор Се прикажани во Прилозите

## 9. Воннаставни активности

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Формиран е училишен спортски клуб кој профункционира по спроведување на анкета за заинтересираност.Во спортскиот клуб членуваат вкупно 30 ученици од второ до деветто одделение.Учениците во спортскиот клуб тренираат одбојка и фудбал.

.

### 9.2. Секции

За развивање на различните интереси на учениците, основното училиште организираше воннаставни активности согласно со Концепцијата за воннаставни активности која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.

За учеството во воннаставните активности се водеше евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издаде додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството вовоннаставните активности.

Работата на наставниците се одвиваше по однапред изготвена програма, со содржини и време на реализација. Наставниците реализираа програми за следниве секции:

-Одделенска настава: литературна, математичка, ликовна, драмско-рецитаторска и ритмичко- балетска;

-Предметна настава: литературна секција, математичка секција, млади физичари, млади хемичари,млади информатичари, млади биолози, географска секција, историска секција, секција за странски јазици, училишен хор и оркестар.

Историска секција: историската секција во училишната година работеше на изработка на хамери од материјалот кој се обработува во рамки на програмата за предметот Историја во основно образование. Секцијата успешно учествуваше во изработка на есеи и реферати посветени на разни историски настани и личности кои се значајни за минатото на македонскиот народ. Секцијата се бавеше со дискусии поврзани со материјалот кој се изучува по програмата по предметот. Исто така, секцијата учествува во сите одбележувања на  празници во училиштето.

### 9.3. Акции

Општествено-хуманитарната работа во училиштето е планирана активност со однапред изготвена програма за работа со цел да се развива кај учениците грижа и желба да се помогне на ранливи категории на деца и болни и изнемоштени лица на кои им е потребна помош (традиционална соработка со домот за стари лица „Мајка Тереза“ Злокуќани). Воедно се воведуваа во хуманитарната работа и се подигна нивото на сензитивност кај учениците за солидарност и хуманост. Училиштето учествуваше во Хуманитарната акција организирана од страна на Општина Карпош .Преку организирана акција ,покажување на солидарност кон оние што им е потребно. Во хуманитарната акција беа вклучени и родителите.

## 9.4.Клубови

Во учебната 2022/2023 во училиштето беа активнисленивe клубови

**Клуб за кодирање**

Во рамките на програмата ,,Училиште на 21 век" новите ученици кои се приклучија кон клубот имаа можност за прв пат да се запознаат со уредот микробит.
Во текот на учебната 2022/23 со учениците се работеше на микробитот развивање На програми со помош на микробитот.
Целта на овој клуб можност за развивање на технолошките вештини.

**Клуб за граѓанско образование**

Клубот за граѓанско образование во учебната година функционираше успешно. Во клубот се зачленија ученици од 8 и 9 одделение кои започнаа да се состануваат заедно со наставникот и да презентираат свои идеи за подобрување на работната атмосфера во училиштето и рециклирањето во училиштето. Исто така, учениците сметаа дека би било одлично да дадат предлози за тоа како би можеле да ја подобрат локалната заедница и дискутираа во насока на превземање активности во второто полугодие во училиштето и локалната заедница со цел поттикнувањена учениците во рамки на ученичкиот активизам и иницијативите. Учениците во второто полугодие низ разни активности започнаа дебати за меѓуетничка и меѓукултурна толеранција и дискусии за можни идеи и планови за воведување на рециклирање во училиштето.

## 10.Ученичко организирање и учество

Во  учебната 2022/2023 година, Ученичкиот парламент реализираше 10 состаноци (седници). Одговорни за поддршка на работата на Ученичкиот парламент се: наставникот по граѓанско образование Зоран Пржовски и психологот Мери Синадиновска.

Прва средба: 18.08.2022 - Работилница за демократско учество на учениците во училиштето: учениците дојдоа во училиштето да учествуваат во работилницата на која требаше да се разговара за учеството на истите во активностите на парламентот и да се запознаат со правата и обврските на ученичкото организирање.

Втора средба: 20.9.2022 - На средбата се конституираше Ученичкиот парламент и се избраПретседател на Ученичкиот парламент. Исто така, се спроведе и избор на Ученички правобранител. Средбата беше исполнета со договор за активностите кои ќе се спроведат по повод Детската недела.

Трета средба: 12.10.2022 - На средбата се сумираа настаните и активностите превземени околу Детската недела. Истата послужи за дискусија меѓу претставниците на парламентот и други ученици од училиштето, а беше искористена за дискусија како да се подобри работната атмосфера и училишната клима. Според учениците, унапредувањето на дисциплината мора да биде производ на меѓусебното почитување и почитта кон сите во училиштето: кон учениците меѓу себе, стручните служби, преку наставниците, до техничкиот персонал. Во правец на ова, учениците сметаа дека треба да ја пренесат пораката од состанокот и да ја рашират меѓу своитедргугари.

Четврта средба: 17.11.2022 - Средбата беше искористена за застапување и промовирање на правата и интересите на учениците. Исто така, на средбата беше одбележан Светскиот ден на детето, Воедно, се разгледаа успехот и поведението на учениците во првото тримесечие. На средбата беа презентирани идеји и мислења за идни активности на Парламентот и неговиактивности.

Петта средба: 26.12.2022г. - Како да се користи правилно и рационално зимскиот распуст. Се сумираше постигнатото во полугодието и беше утврдено кои се активностите кои треба да се направат до крајот на второто полугодие. Според учениците, повеќе внимание во иднина ќе треба да се посвети на екологијата во училиштето, рециклирањето пластика и дисциплината за да се подобри успехот и оценките.

Шеста средба: 09.02.2023 - Дебата за зимскиот распуст и како беше поминат од учениците. Воедно дебатата одеше во насока каде можело покорисно да се помине распустот. Разговор за полугодишното поведение и успех на учениците Потсетување околу училишната дисциплина Договор за организирање активности со антикорупциската едукација и учество на ученичкиот парламент во истата. Договор за организирање училишни дебати на тема „Запри го врсничкото насилство и меѓуетничката омраза“ и „Училишната и вонучилишната соработка помеѓу генерациите“.

Седма средба: 27.03.2023 - Училишна дебата - како да го запреме врсничкото насилство и меѓуетничката омраза Во дебатата учествуваа ученици од училиштето и претставниците на ученичкиот парламент, кои беа модератори и говорници на истата. Дебатата имаше за цел да ги претстави проблемите на учениците на индивидуален план со насилството. Но, на истата беше сеопфатно даден акцент на насилството на етничка и религиска основа во општеството. Насилството во секоја форма беше осудено од учениците и присутните, а особено беше истакнато дека во мултиетничките средини не смее да постои ниту можност да се рашири етничката или религиската нетрпеливост. Сите учесници кои претставуваа повеќе етнички и религиски заедници учествуваа на дебатата и донесоа заклучок дека единствената победа над било какво насилство е другарството, довербата и подадената рака кон другите.

Осма средба: 19.04.2023 - Учениците се состанаа за да разговараат за успехот и поведението на крајот на третото тромесечие во учебната година, но стана збор и за дисциплината, како и однесувањето во училиштето на сите ученици. Воедно, беа разгледани повеќе идеи за активирање на рециклирањето како составен дел на училиштето и беше заклучено дека учениците мора сами да смислат идеи и начини за да го спроведат рециклирањето како настан од собирањето на отпадот до негово

одлагање на правилно место одредено за тоа од градските и општински власти. Тие истражуваа и се запознаа со системот на одлагање отпад и бараа начини како да се вклучат во овој систем на ниво на училиште и локална заедница.
Деветта средба: 25.05.2023 - Состанок на ученичкиот парламент за преглед на активностите во текот на годината. Разговор за активностите на членовите на парламентот, ученичкиот правобранител и претседателот на Ученичкиот парламент. Учесниците на состанокот се сложија дека атмосферата низ целата година беше максимално работна и дека зад себе ученичкиот парламент имаше уште една одлична година. Учениците се согласија дека иницијативата на парламентот е одлична алатка и треба да продолжи со својата активност, бидејќи помага во секојдневието на учениците во и вон училиштето и во локалната заедница каде што живеат.
Десетта средба: 14.06.2023 - Организирање на завршна забава во училиштето: во училиштето учениците организираа забава за одбележување на крајот на училишната година.

Ученичкиот правобранител, ученичката Клементина Марковска, се грижи за заштита иунапредување на правата на учениците во училиштето.

Детската организација се вклучуваше во сите активности кои се организираат во училиштето за одбележување на важни историски датуми, хуманитарни акции, еколошки активности, поттикнување на другарството, солидарноста и соработката. Работата на Детската организацијасе одвиваше под раководство на одговорниот наставник Слободанка Пешевска. Заедно соДетската организација се реализираа и активности на ПЦК, во кои се вклученија сите ученици одпрво до деветo одделение под раководство на одговорниот наставник.

**Антикорупциска Едукација**

Во учебната година беше успешно спроведена програмата за антикорупциска едукација. Беа направени повеќе состаноци и презентации на учениците за антикорупциската едукација, со цел продлабочување на нивните знаења во оваа област. Учениците дискутираа и активно наоѓаа решенија за корупцијата во светот и начините како таа да се искорени. На антикорупциската едукација учествуваа ученици од 8 и 9 одделение. Учениците беа заинтересирани за поимите корупција и антикорупција и често се развиваше широка дебата за антикорупциската едукација кај учениците.

## 11. Вонучилишни активности

Во текот на учебната 2022/23 според правилникот за изведување на **екскурзии и други вонучилишни активности се реализираа следниве активности:**

- Посета на Собранието на Р.С.М
- Посета на Домот за Стари лица ,,Мајка Тереза"
- Посета на Саем на книга
- Посета на Музејот на македонската борба
- Еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение во Лешок
- Тродневна екскурзија за учениците од IX одделение
- Настава во природа за учениците од V одделение
- Дводневна екскурзија за учениците од VI одделение Скопје-Велес-Дојран-Струмица-Скопје
- Еднодневен пролетен излет во Сарај

## 12. Натпревари за учениците

Во текот на учебната 2022/2023 година, во рамките на додатната настава, наставниците ги подготвуваа заинтересираните ученици за учество на општински, регионални и државни ученички натпревари. Училиштето ги организира сите училишни натпревари предвидени во програмата на стр учните активи која се наоѓа во прилозите од годишната програма.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Тимот за училишна интеграција организираше активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција, подобрување на меѓуетничката кохезија меѓу учениците во училиштето преку создавање услови за позитивна интеракција и градење на демократски и граѓански вредности, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.

Нашето училиште е мултиетничко така што постојано се води грижа учениците без оглед на националноста да бидат вклучени во сите активности. Се води грижа кај учениците од сите етнички групи да се развива толеранција, развивање на почит и однос кон различностите и се реализираа активности во насока на меѓусебно запознавање. Училиштето организираше мултитикултурни активности во училиштето во согласност со МИО календарот и во согласност со предвидените активности со годишната програма.

## 14 .Проекти што се реализираат во основното училиште

1) Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем — интегрираните планирања со избраните точки на акција од 9-те еко стандарди се реализираат во сите паралелкиод прво до деветo одделение. Во текот на првото полугодие според еколошкиот календар се организираа еколошкиакции со цел подигање на еколошката свест на ниво на училиште.

2) Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Тимот за училишна интеграција се грижи за спроведување на МИМО активностите на ниво на училиште и со проширување на партнерство со други училишта, покрај партнерското училиште Лиман Каба Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата во основните училишта.

3) Проект Училиштето како безбедно место - училиште без насилство - одговорниот тим ги идентификува и ги определи критичните места и форми и видови на насилството во училиштето, како и начините за справување со различните форми на насилство. Посебен акцент во ова полугодиесе стави на подигање на свеста кај учениците за безбедност, за сајбер насилството, злоставувањето во училиштето, врсничко насилство (bullying), училиштето како сигурна средина за сите ученици и превенција од насилство со организирани работилници и вонраставни активности.

4) Проект „АРИСЕ“-поддржан од страна на НВО Чекор по чекор е Проект за намалување на нееднаквостите во образованието кој се стреми да ја поддржи образовната и социјалната инклузија на ученици со низок социо-економски статус и врз основа на регионални и меѓународни искуства, осмислување на ефективна училишна програма за поддршка на тие ученици и придонесување кон намалување на последиците од сиромаштијата врз ученичките постигања и општата благосостојба на учениците со низок социо-економски статус. Целта на овој проект е преку средби на наставници кои ќе ги пренесуваат своите вештини за критичко размислување и решавање на проблеми да им овозможиме што поквалитетно постигнување на учениците со послаба мотивација за работа и сопослаби вештини. А со тоа, наставниците ќе го спроведуваат Европскиот развоен план на училиштето. Формиран е училишен тим кој работи на овој проект. Во август 2022 се одржа дисеминација на наставниците во ООУ,, Аврам Писевски”, а во учебната 2022/2023 се реализираа предвидените активности кои беа опфатени со овој проект. Целта на предложената интервенција е да се зајакне капацитетот на училиштата за поддршка на образованието и воспитанието на учениците од семејства со низок социо-економски статус и во нивно активното учество во училишниот живот и постигнување подобри резултати во учењето. Конкретната цел е да овозможат услови за постигнување на подобри образовни резултати на 20 ученици од 1 до 4 во одделение од нашето училиште кои се од семејства со низок социјален статус преку спроведување на интерактивни работилници за поучување со цел поддршка во учењето, но и организирање на воннаставни активности за нивно активното учество во училишниот живот. Со интервенцијата планирано е да се обезбеди и поддршка на 10 деца и нивните родители кои се со низок СЕС, кои не посетувале градинката во с. Бардовци, за полесна транзиција и вклучување во основното образование, преку работилници организирани од наставниот кадар и стручните соработници, со цел поддршка во стекнување на предзнаења кои се потребни за влез во 1во одделение, како и подигнување на капацитетите на родителите на децата за нивните обврски и важноста на образовниот процес за иднината на нивните деца. Преку спроведување на оваа активност индиректно ќе имаат поддршка и наставниците во одделенската настава, другите соученици, како и семејствата на овие ученици. Вештините и знаењата што би ги стекнале учениците на овој начин ќе имаат влијание во понатамошниот развој на учениците, но и во секојдневниот живот. Дел од учениците кои се од најранливи семејства немаат можност

во своите домови да ги следат наставните содржини, поради немање на услови во нивните домови. Инвестициите во новите наставни средства ќе придонесе кон полесно спроведување на наведените активности, бидејќи дел од овие деца имаат потешкотии во пишувањето и во говорењето на македонскиот јазик, па преку интерактивна настава и визуелизација на она што треба да го стекнат како вештина ќе се олесни процесот на поучување. Преку вклучување на учениците во образовниот процес и неговите активности ќе ја подобриме климата во училиштето, ќе се надминат разликите меѓу учениците и со тоа ќе градиме пријателства, дружења, емпатија, соработки помеѓу сите во училиштето.

Дел од реализираните активности во Проектот АРИСЕ се:

1. „Училишна клима и култура", Мај, 2022; Резултати и стекнати сознанија:
   - Анализа на ситуацијата
   - Значењето и важноста на училишната клима и култура
   - Согледување на потребите
   - Партнерство со заедницата
   - Мрежа за поддршка

2. „Намалување на нееднаквостите во образованието", Август, 2022; Резултати и стекнати сознанија:
   - Креативни интервенции
   - Надминување на пречките во учење
   - Стратегии за напредување на децата
   - Поврзаност помеѓу социјалниот и економскиот аспект на децата и нивниот успех во учењето.

3. „Визија, мисија и вредности на училиштето", Септември, 2022; Резултати и стекнати сознанија:
   - Целта на работата во училиштето
   - Аспирации на училиштето
   - Дефинирање на визијата, мисијата и вредностите на училиштето
   - Вредности кои се негуваат
   - Како до посакуваните цели

4. „Начини за подобрување на учењето", Октомври, 2022; Резултати и стекнати сознанија:
   - Стратегии во процесот на учење
   - Стратегии за подучување
   - Поддршка на процесот
   - Подобрување на мотивацијата

5. „Јакнење на самодовербата кај учениците", Април, 2023; Резултати и стекнати сознанија:
   - Самопочитување
   - Самодоверба
   - Лични вредности
   - Сигурност

Со грантот од проектот во висина од 2000 евра се поднови нашето училиште со материјали и опрема. На крајот на мај добивме Смарт Табла (интерактивна табла) и нејзино монтирање

1.Материјали за работилниците
   a. 30 хамери во боја
   b. 30 прибори за цртање и пишување (дрвени боици 1/12, фломастери 1/12, мрсни боици 1/12,
      i. блок бр 4, 2 моливи ХБ, острилка, гума, во пластичен/платнен прибор)
   c. 500 листови бели
   d. 200 листови во боја
   e. боја за принтер HP Laser Jet Pro MFP M130fw

2.Полици за книги (4 парчиња, Материјал: Оплеменета иверка со дебелина минимум 15 мм; Обработка: АБС кантирана; Димензии висина 1.50 цм, ширина 60 цм, длабочина 40 со 3 полици 4 простора за книги)

3. ЛЦД Проектор, минимум димензии 300 x 200 x 100 8mm, Јачина на светлина: 4000 лумени; Пропорција на проекција: 4:3, 16:9; Стандардна резолуција: 800x600 пиксели; Способен да поддршува 3D Технологија; Влезни порти: 1xHDMI, 1xVGA, 1x3.5Audio, 1xComposite video; Излезни порти: 1xUSB-A Power 1A, 1x3.5mm Audio; Звучник: 3W;

Неопходни додатоци: Кабел за напојување, VGA кабел, далечински управувач со батерии, упатство за употреба. Гаранција: 1 година, гаранција на ламба минимум 6 месеци.

4.Платно за проектор

5.Мрежа за одбојка димензии 9.5м должина и 1м висина

НВО " :Чекор по Чекор додели

30 пакетчиња за учениците со низок-социо економски статус. Истите се состојат од училишен прибор (блок, фломастери, боички, прибор, молив)

5) <u>Проект „ВЕЛО УЧИЛИШТЕ“</u> , проект се имплементира веќе неколку години, а неговата главна цел е промовирање на велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз за учениците . Поддржан и креиран од страна на Здружение на граѓани ЕКО ЛОГИК, ВЕЛО УЧИЛИШТА. Оваа година психологот (координатор во проектот) Мери Синадиновска, одделенската наставничка (координатор во проектот) Александра Гавриловска и наставникот по физичко и здравствено образование (соработник) Давор Божиновски, поддржани од координаторите во проектот реализираа работилници со ученици од 1во до 9то одделение, за;

- **проверка на велосипедот и задолжителната опрема,**
- **ВЕЛО комуникација,**
- **враќање на синџирот на своето место,**
- **менување на гума,**
- **нагодување на шлем и**
- **рачно сигнализирање во пракса и**
- **Безбедно пристапување во сообраќајот.**
- **Психологот (координатор) ги реализираше и следниве работилници:**
- **„Точка до точка“ и**
- **„Мојот велосипед“, со ученици од 1 во одделение.**

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Наставниците применуваа формативно и сумативно оценување, во согласност со различните наставни методи и инструменти за оценување кои се соодветни за наставата Со.Согласно законската регулатива за деветгодишно основно образование и реформата на основното образование за прво и четврто одделение, учениците од прво до шесто одделение се оценети описно, а учениците од VII до IX одделение се бројчано оценети Постигнатиот успехе прикажан во статистичките прегледи во годишен извештај. Детален преглед за бројот на ученици по паралелки, националност и пол, успехот, поведението и изостаноците се прикажани во прилог на извештајот. Во учебната 2022/2023 година се следеа континуирано постигнувањата на учениците, нивната редовност и поведение како и анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати.. Полемиот број на неоправдани изостаноци се последица од нередовност на наставата одстрана на учениците од ромската етничка припадност, а како и напуштање на наставата и заминување во странство.

### 15.2 Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите, интересите и афинитетите на учениците.
Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, психологот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, која е приложена во прилозите на годишната програма.
Тимот за професионална ориентација е составен од психологот Мери Синадиновска и раководителите на паралелки Александра Илиевска-8а, Наташа Томшиќ- 8б и Маја Христовска - 9а.

### 15.3 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба изапуштање, спречување дискриминација, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Училиштето во учебната 2022/2023 година, стави акцент на превенција против насилство кај учениците, со цел да се намалат конфликтите меѓу учениците, да се развива толеранцијата и комуникацијата помеѓу нив.
Се организираа едукативни работилници со родители, ученици и наставници, за подобрување на социо- емоционалната состојба на учениците и намалување наразните форми на антисоцијално однесување. Се спроведоа активности и работилници, за подобрување на
менталното здравје и добросостојбата кај учениците и кадарот во училиште по кризни ситуации, смирување на несигурноста, враќање на довербата и чувството на безбедност во училиштето, работилници за препознавање, превенција и пријавување на различни облици на врсничко насилство - булинг.
Според насоките на МОН во месец мај и месец јуни се спроведоа и отворени денови, наменети за родители за актуелни прашања и за начините на работа, за враќање довербата и чувството
на безбедност во училиштето по кризни ситуации, оддржани од страна на стручните соработници: психологот и дефектологот во училиштето.
Во училиштето е формиран тим за превенција од насилство и мировно образование и тоа: Кристина Андриќ Стојановска директор, Слободанка Пешевска - одделенски наставник, Маја Христовска — предметен наставник, Александра Гаврилоска - одделенски наставник и Мери Синадиновска - психолог.
Тимот за превенција од насилство изработи интерен протокол согласно член 66 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/2019 година), за

постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издадено од МОН (број: 18-6570/1 од 06.07.2020 година). Одговорни за спроведување на протоколот се одговорното лице – психологот и заменик одговорно лице – дефрктологот во училиштето.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето
### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето во текот на учебната година правеше анализа на состојбата на постигнатите резултати и даваше поддршка на наставниците кои не посетиле обуки за оценување.
Тимот за следење, анализа и поддршка е во состав од психолог Мери Синадиновска, одделенски наставници А л е к с а н д р а С м и л к о в с к а и Александра Гаврилоска и предметни наставници Зорица Бебекоска Спиридонов и Александра Илиевска со конкретни задолженија, со операционализиран план за следење/период, наставен предмет/, СВОТ анализа на состојбите со оценувањето (квартално, по тримесечија споредбено), анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците, поддршка за наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки на училиштето. Планот е во прилозите на годишниот извештај.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во учебната 2022/23 следењето и вреднувањето на работата на наставниците ја изврши директорот на училиштето и стручните соработници како и од страна на Бирото за развој на образованието.
Работата на воспитно-образовниот кадар ја следеше првенствено самото училиште односно директорот и стручниот соработник. Во текот на учебната година, директорот вршеше непосреден увид кај секој наставник четири пати (два пати во полугодие) со изготвени инструменти за следење (обрасци за разговор пред и по посетата, за следење на наставен час, рефлексија)

### 16.4.Самоевалуација на училиштето

Квалитетот на работата на училиштето се мереше преку самоевалуација, интегралната евалуација и надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценување на работата на наставниците и директорот, кои се вршат согласно со закон.
На секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Самоевалуацијата ја спроведуваше училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците,
Во училиштето се формира Комисија за спроведување на самоевалуацијата составена од Кристина Андриќ Стојановска-директор, Мери Синадиновска - психолог, Александра Гаврилоска - одделенски наставник, Наташа Томшиќ- предметен наставник и Весна Крстевска-родител . Во подготвителната фаза се формираа работни групи, составени од одделенски и предметни наставници и стручни соработници распоредени според областите за самоевалуација.

## 17. Безбедност во училиштето

Како и секоја учебна година, училиштето се грижи за безбедноста на сите ученици, вработени, родители и посетители како и за училишниот објект. Во училиштето се водеше континуирана грижа за обезбедување и отстранување на места кои може да придонесат за повреди, направен беше план за евакуација, а во оваа учебна година се изврšија и пробни евакуации со цел да се избегне паничното реагирање во некои критични ситуации. Определени беа дежурства на наставниците за време на наставата како и во училишниот двор.
Во текот на учебната година се спроведе вежба според План со одредени задачи ,вежби и едукациии зазаштита од опсности и елементарни непогоди.(заштита и гасење пожар и евакуација вослучај на земјотрес).

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1.Хигиена во училиштето

Во текот на учебната 2022/2023 година, во училиштето се стави акцент на одржување на хигиената во тоалетите, училниците и училишниот двор, спортската сала и соблекувалните. Редовно се чистат училниците, санитарните јазли и холовите, а се организираат и акции со учениците со цел подигање на свеста за грижа за себе и околината.

Задолжително се води грижа за заштита и превенција од ширење на заразни болести со грижа за редовно миење на рацете, обезбедување на потребни средства за дезинфекција на училниците, училишниот мебел и санитарните јазли.

Училиштето континуирано соработуваше со здравствени установи заради спроведување наздравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи, офталмолошки прегледи и вакцинации согласно со закон. Исто така задолжително се информираат родителите односно старателите на учениците за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите. Училиштето во соработка со надлежниустанови се грижи за социјалната заштита, посебно на ученици одранливи општествени групи. Училиштето се грижи за сексуалното и репродуктивното здравје на учениците преку обезбедување информации и едукативни предавања, базирани на научни сознанија, човекови права, родова еднаквост ипромовирање на почитување на различностите.

### 18.2.Систематски прегледи

Здравствената заштита и здравственото образование опфаќа систематски прегледи и стоматолошки прегледи и едукативни работилници во соработка со Здравствениот Дом Ѓорче Петров. Одговорни наставници се одделенските раководители во соработка со психологот Мери Синадиновска.

**18.3.Вакцинирање**

Освен систематските прегледи, здравствената заштита и здравственото образование опфаќа иимунизација и вакцинација на учениците според програмата на Здравствениот Дом. Одговорни наставници се одделенските раководители во соработка со психологот

**ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ВАКЦИНИ**

**на учениците во учебната 2022/2023год.**

| Ред. бр. | Дата и време | Оддел. | Систематски прегледи, стоматолошки прегледи, вакцинации |
|---|---|---|---|
| 1. | 23.09.2022 | 7а | Систематски стоматолошки преглед |
| 2. | 25.09.2022 | 9 одд | Вакцина |
| 3. | 26.09.2022 | 2ро одд | Систематски преглед примање на вакцини |
| 4. | 27.09.2022 | 2a,2b 4a,4b | Работилница за хигиена на забите |
| 5. | 27.09.2022 | 1во одд | Едукативна работилница за правилен внес на шеќери |
| 6. | 06.10.2022 | 7мо одд | Стоматолошки преглед |
| 7. | 07.10.2022 | 7мо одд | Стоматолошки преглед |
| 8. | 04.10.2022 | 1во одд | Едукативна работилница за градба и функција на усна празнина |
| 9. | 01.11.2022 | 7мо одд | Вакцина |
| 10. | 16.11.2022 | 5то одд | Стоматолошки преглед |
| 11. | 17.11.2022 | 6то одд | Стоматолошки преглед |
| 12. | 27.12.2022 | 1во одд | Вакцина |
| 13. | 24.01.2023 | 4а | Стоматолошки преглед, залевање на заби |
| 14. | 27.01.2023 | 4б | Стоматолошки преглед, залевање на заби |
| 15. | 09.02.2023 | 3б | Систематски стоматолошки преглед и залевка на заби |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16. | 10.02.2023 | 3а | Систематски стоматолошки преглед и залевка на заби |
| 17. | 03.03.2023 | 2 ро одд | Стоматолошки преглед |
| 18. | 29.03.2023 | 1 во одд | Систематски стоматолошки преглед и залевка на заби |
| 19. | 31.03.2023 | 3а и 3б | Систематски преглед без примање вакцини (освен за оние ученици кои пропуштиле некоја вакцина) |
| 20. | 19.04.2023 | 1а | Примање на пропуштена вакцина |
| 21. | 20.04.2023 | 5а и 5б | Систематски преглед без примање вакцини (освен за оние ученици кои пропуштиле некоја вакцина) |
| .22 | 23.03.2023 | 5а и 5 б | Едукативна работилница за женско здравје |

**18.4.Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

Во рамките на грижата за здравјето на учениците во училиштето се организираа едукативни предавања кои се реализираа на часовите на одделенската заедница . Исто така училиштето организираше активности со што го одбележа *Светскиот ден на храната на 16 Октомври* со цел едукација на учениците и родителите, подигање на свеста и промоција.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Со цел подобрување на училишната дисциплина вклучени се сите субјекти, како и родителите. Навремено се преземаа конкретни мерки: идентификација на ученици кои ја попречуваат дисциплината, советодавни разговори со ученици, родители и наставници. Одговорните дежурни наставници сосласно изготвениот распоред го одржуваа редот и дисциплината во училниците, со контрола за време на одморите во ходниците и училишниот двор. Воспитно-образовниот процес во училиштето се одвиваше според изготвените Протоколи за ученици, родители и вработени, Куќен ред на училиштето, Правилник за педагошки мерки, награди и пофалби.

### 19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во многу сегменти од воспитно-образовниот процес се водеше грижа за естетско и функционално уредување на училиштето. За естетското и функционално уредување на просторот во училиштето одговорни беа сите субјекти, а особено учениците со цел да се подигне свеста за зачувување и разубавување на околината водејќи сметка и за мулти-културализмот во училиштето.

### 19.3.Етички кодекси

Во училиштето активно се водеше грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу сите субјекти во училиштето. Изработен е *Кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите* и *Куќен ред во училиштето,* според кои се регулира однесувањето во училиштето за време на наставата како и вон неа меѓу наставниците, другите вработени, учениците и родителите како и сите останати посетители.
Изработен беше Еко – кодекс кој претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Еко-кодексот истакнат е на видно место.

### 19.4.Односи меѓу сите структури во училиштето

Се водеше грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу вработените и учениците. Во текот на учебната година се реализираа заеднички состаноци-работилници, дебати на кои се разгледуваа слабостите на комуникацијата со предлози за нови начини на комуницирање.
Се организираа заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености, посети и сл. кои имаа за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка.
Се формира тим составен од претставници на сите структури, кој направи анализа на критичните точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето (со изготвување анкети, прашалници) и се предложија конкретни активности (состаноци, работилници, дебати, заеднички пррослави, екскурзии и сл.) со цел да се подобри квалитетотна комуникацијата и да зајакне меѓусебната доверба и соработка.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Тимот за професионален развој го сочинуваа претседателите на стручните активи на наставници во училиштето, директор и стручен соработник во училиштето. Во училиштето беше изготвена програма за професионален развој на наставниците во која беа вклучени потребите на наставниците за обуки врз основа на детектираните приоритети од согледувањата на наставниците за нивните потреби од секојдневната практика. Потребите за обуки беа: ,користење на е – алатки, изготвување на презентации, обуки за предметите кои ги предаваат (поради внесување на новини во наставните програми), за примена на современи наставни методи и техники, методи и техники за работа со деца со посебни образовни потреби (ученици со попреченост, потешкотии во учењето, работа со талентирани и надарени ученици)и за оценување,зголемено учество на родителите во училиштето

### 20.2.Активности за професионален развој

Во учебната 2022/23 година, директорот, наставниците и стручнитесоработници следеа обуки во организација на МОН,БРО,Светска Банка, ДИЦ и тоа:

-Обука на наставници за Нова Наставна програма за петто одделение -31.8.2022 БРО

- Обука на наставници за Педијатриска прва помош 05.10.2022-Линк Арос

-Обука на наставници за Подигање на свеста против семејното насилство-03.10.2022-6.10.2022 Analiticatinc-tenk ,
Sida и Балканска мрежа за развој

-Обука на дефектолог за Образование на лицата со попреченост-13.10-15.10.2022 Сојуз на Дефектолози

-Обука на наставници за Спречување и заштита од дискриминација —Сексуална ориентација и родов идентитет-17.10.2022 Институт за човекови права

-Обука на наставници Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство,кибернасилство и
слично 21.10.2022

-Обука на наставници за Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата-26.10-27.10.2022Академија Цес

-Глобален лидерски самит за образование за наставници и директори-12.11.2022

-Обука за примена на Teach Primary-МОН и Светска Банка -30.10.2022-04.11.2022

-Следење на ЕДУИНО вебинари

- Обука за стручни соработници (психолог и дефектолог), програма за колегијална поддршка во рамки на програмата за ментално здравје и психосоцијална поддршка - 28.12.2022; 18.01.2023; 20.01.2023; 25.01.2023, 26.01.2023;.
- Обука за ТИМСС за координатор за тестирање (психолог), заменик координатор (одделенски наставник) и одделенски наставници од 4то одделение - 08.02.2023 година.
- Обука (за психолог и дефектолог) - дводневна работилница за градење на капацитети за институционални претставници за ефективно споделување на информации за деца кои отсуствуваат од училиште, еден дел од *Пилот проектот за Систем за рано предупредување за исчезнати деца*- 4-5.04.2023 година.
- Обука и учество, на психологот, во стандардизација на Психолошки тест ТМТ одобрен од МОН, обуката подготвена и спроведена од здружението АС-Анима Психовелнес и советување. - 04-05.2023 година.
- Обуки за координатори (психолог и одделенски наставници) за проектот „Вело Училиште“.
- Обука за наставници и стручни соработници - од МОН и училиштето (психологот) за „В*раќање на довербата и чувството на безбедност во училиштето“* - 17.05 и 01.06.2023 година.

За сопственото стручно усовршување секој наставник и стручен соработник прави личен план за професионален развој за учебната 2022/2023 година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат.

Планот го одобрува директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие. Во текот на учебната 2022/2023 година се следеше и напредување на наставниците, што се вреднува преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, се вреднуваат резултатите и следење на сите субјекти во

училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература исл.

**20.4.Хоризонтално учење**

Во училиштето стручните активи во текот на учебната 2022/2023 редовно одржуваа состаноци на кои се вршеше размена на професионалното искуство, се разгледуваа и дискутираа стручни теми во врска со наставата и дополнителната и додатната настава, оценувањето и постигањата на учениците, се организираа отворени часови, работилници.

### 20.5.Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Согласно член 31, 32, 33, 34 и 35 од Законот за наставниците и стручните соработници (Сл.весник на РСМбр. 161/19) наставниците можат да напредуваат во звања наставник – ментори наставник – советник со исполнување на професионални стандарди пропишани од страна на министерот на предлог на Бирото и Центарот.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1.Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во текот на учебната 2022/2023год,соработката со родителите се оствaруваше преку:

- Индивидуални средби со родителите – преку приемни денови на наставниците
- Групни средби на родителите- Беа резализирани родителски средби

Седници на Совет на родители - Советот на родители се грижеше за подобрување на успехот на учениците и се вклучи во активностите на училиштето за осовременување на наставата и вонннаставните активности како и за подобрување на условите за престој и работа во училиштето. Советот на родители редовно реализираше седници во текот на учебната година во согласност со потребите на училиштето.

### 21.2.Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонннаставните активности

Во текот на учебната 2022/2023год се настојуваше да се подобри соработката со родителите, особено со родителите на учениците од ромската етничка припадност. Тоа е еден од приоритетите на нашето училиште — родителите да бидат поактивнии да учествуваат во реализација на наставните планови и програми што е приложено во акциски план.

Преку Советот на родителите се изврши детекција на родители кои покажуваа интерес за учество во организирање средби и акции со кои семејствата помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали според нивните материјални можности.Родителите беа вклучени во донесување на одлуки, преку советот на родители, ученичката заедница, детската организација, советот на паралелка и на ниво на училиште во училишниот одбор.

### 21.3.Едукација на родителите/старатели

Едукацијата на родителите/старателите го опфаќа стандардното планирање и организирање на едукативни работилници, програма за советување родители на ученици, врз основа на член 64-б став (8) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/1, 156/10, 18/11 и 51/11), според МОН, типизирани предавања. Едукацијата на семејството вклучува и советодавно-консултативни работилници (индивидуални и групни), посета на семејства на терен и др.

Реализирани се советувања на родители на ученици кои:

- нередовно посетуваат настава (посета на семејства на терен заради нередовно посетување настава),
- имаат намален училишен успех или
- несоодветно однесување.

Според насоките на МОН во месец мај и месец јуни се спроведоа и отворени денови, наменети за родители за актуелни прашања и за начините на работа ,за враќање довербата и чувството
на безбедност во училиштето по кризни ситуации, оддржани од страна на стручните соработници:
психологот и дефектологот во училиштето.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Во учебната 2022/2023 година училиштето активно соработуваше со:

**Локалната заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)**

Во текот на полугодието училиштето активно учествуваше со свои претставници на најразлични манифестации меѓу кои се:Денот на Општина Карпош, литературни и ликовни манифестации. Се воспостави соработка со локалната заедница од типот на различни средби.

**Институции од областа на културата**

Во текот на полугодието остварени се и посети на ликовни колонии, филмски фестивали. Исто такаучениците учестуваа на објавените литаратурно-ликовни конкурси

**Институции од областа на образованието**

Во учебната првото полугодие одучебната 2022/2023 година училиштето имаше континуиранасоработка со МОН, БРО, ДПИ, УСАИД, ЦСР, МВР, ООРЦ " Златан Сремец", МЦГО ЕЛС-Сектор за основно

образование, секторот за основно образование во општината Карпош, со активот на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети и др.

**Невладини организации**

Продолжува соработката со Црвениот крст,, Чекор по чекор, ЈХР (новинари за човекови права).

**Спортски друштва**

Училиштето активно соработуваше со Сојузот на училишен спорт и активно учествуваше во организираните турнири и натпревари и има свој Спорстки клуб.

**Здравствени организации**

Заради грижа за здравјето на учениците и вработените, училиштето соработува со Поликлиниката Ѓорче Петров, Заводот за ментално здравје, со други медицински установи според потребите, со осигурителна компанија и др.

**Заклучок:**

Во учебната 2022/23, во училиштето се реализирани проектии значајни активности, настани и промени во воспитно-образовниот процес со цел активно вклучување на сите чинители.Еден од проектите е Проектот ,,АРИСЕ" подржан од страна на НВО Чекор по чекор е Проект за намалување на нееднаквостите во образованието. Целта на овој проект е преку реализираните средби на наставници да ги пренесат своите вештини за критичко размислување и решавање на проблеми да им овозможиме што поквалитетно постигнување на учениците со послаба мотивација за работа и со послаби вештини. А со тоа, наставниците ќе го спроведуваат Европскиот развоен план на училиштето. Во училишитето формиран е тим кој работи на реализација и мотивација за поквалитетно постигнување на учениците со послаби вештини.

Во ООУ,,Аврам Писевски "успешно се реализираше Годишната програма за работа предвидена за учебната 2022/2023 година. При реализацијата на наставните планови и програми се следаа промените донесени од МОН и БРО. ВоУчебната 2022/2023 година ,учениците од прво,второ,четврто и петто одделение учат по нови наставни програми, а за нивната реализација наставницте следеа обука организирана од БРО. Во учебната 2022/23 во училиштето се работеше на на подобрување на квалитетот на наставата,повисоки постигнувања на учениците ,поттикнување на ученички активизам и стекнување на
Поголеми вредности и норми за мултикултирализамот,општествена одговорност,
Меѓусебна соработка,намалување на предрасудите и стереотипите и нивна промоција во пошироката општествена средина,развивање на механизам за поголема соработка со родителите.

.

Тим за изработка на годишен извештај на работата на основнотоучилиште:

Кристина Андриќ Стојановска-Директор
Мери Синадиновска-Психолог
Маријана Грчевска Чадиковска-Дефектолог
Ана Дионисиева-Наставник по информатика

Потпис на Директор

-------------------------------------------

М.П

Претседател на училишен одбор

---------------------------------------------

# П Р И Л О З И

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОР ВО УЧЕБНА 2022/2023 ГОДИНА

| **МЕСЕЦ** | **АКТИВНОСТИ** |
| --- | --- |
| **Септември** | -Состанок со активите<br>Природно математички актив на 14.9.2022<br>Уметничко технички врштини 6.9.2022<br>Одделенски актив 2.9.2022<br>Општествено-јазична 5.9.2022<br>- организиран свечен прием на првачиња на 1.9.2022<br>-присуство на совет на родители 29.8.2022<br>-по потреба индивидуални средби со вработените<br>-состанок со стручна служба на 5.9.2022<br>-Наставнички совет 2.9.2022, 12.9.2022, 15.9.2022<br>-Состанок со техничка служба 25.8.2022<br>-состанок со училишен инклузивен тим 29.9.2022 |
| **Октомври** | -проверка на електронски дневник 15.10.2022<br>-посета на часови од 3.10 до 14.10.2022<br>-извршени индивидуални средби со вработените (консултации )по секоја посета на час<br>-состанок со состручна служба на 3.10.2022<br>- присуство на сотанок на УО на 29.10.2022<br>-Наставнички совет 10.10.2022, 17.10.1022<br>-Состанок со техничка служба 7.10.2022, 17.10.2022<br>-извршена проверка на годишните програми на наставниците на 1.10.2022 |
| **Ноември** | -одделнски совети одржани на 7.11.2022<br>-наставнички совет одржан на 9.11.2022 , 17.11.2022, 24.11.2022<br>- по потреба индивидуални средби со вработените<br>-состанок состручна служба на 7.11.2022<br>-состанок со технички 24.11.2022<br>-состанок со училишен инклузивен тим-18.11.2022 |

| | |
|---|---|
| **Декември** | Проверка на педагошка евиденциа 7.12.2022<br>Проверка на е днвник 15.12,2022<br>Проверка на тематски распределнија 1.12.2022<br>Состанк со претседатели на активи 22.12.2022<br>По потреба индивидуални средби со вработените<br>Состанок стручна служба 5.12.2022<br>Состанок со техничка 17.12.2022 |
| **Јануари** | Одделенски совет 16.1.2023 17.1.2023<br>Наставнички совет 23.1.2023<br>Состанок со активи<br>Уметничко техничкагрупа на предмети 17.1.2023<br>Одделенска настава 24.1.2023<br>Општествено јазична група на предмети 23.1.2023<br>Состанок стручна служба 30.1.2023<br>Состанок техничка 18.1.2023 |
| **Февруари** | Наставнички совет 3.2.2023 и 27.2.2023<br>Состанок со стручна служба 20.2.2023<br>Состанок со претседатели на активи 21.2.2023<br>Посета на часови од 14.2.2023 до 24.2.2023<br>Индивидуални консултации со наставниците по посетата на час<br>Проверка на педагошката евиденција 24.2.2023<br>Он лине состанок со БРО 15.2.2023 |

| | |
|---|---|
| **Март** | Наставнички совет 22.3.2023<br>Проверка на е дневник15.3.2023<br>По потреба индивидуалнисредби со вработените<br>Состанок со стручна служба 20.3.2023<br>Сотанок со активите<br>Уметничко техничкагрупа на предмети 23.3.2023<br>Одделенска настава 7.3.2023<br>Општествено јазична група на предмети 6.3.2023<br>Состанок со техничка 1.3.2023 |
| **Април** | Одделнски совет 4.4.2023<br>Наставнички 5.4.2023 и 25.4.2023<br>Состанок со стручна служба 24.4.203<br>Индивидуални средни со вработените по потреба<br>Сотанок со активите<br>Уметничко техничкагрупа на предмети 13.4.2023<br>Одделенска настава 4.4.2023<br>Општествено јазична група на предмети 3.4.2023<br>Природно математичка група предмети 17.4.3034 |
| **Мај** | Наставнички совет 5.5.2023 15.5.2023 и 17.5.2023<br>Проверка на е дневник 15.5.2023<br>Состанок стручна служба 22.5.2023<br>Состанок техничка 18.5.2023<br>Состаноци за подготовки за патронен празник<br>По потреба индивидуални средби со вработените<br>Проверка на тематски распределенија 19.5.2023 |

| | |
|---|---|
| **Јуни** | Одделенски совет за деветo одделение14.6.2023<br>Наставнички совет за девето одделение 15.6.2023<br>Одделенски совети 16.6.2023<br>Наставнички совет 12.6.2023 и 19.6.2023<br>Проверка на е дневник 23.6.2023<br>По потреба индивидуални средби со вработените<br>Состанок со стручна служба 10.6.2023<br>Состанок со претседатели на активи 26.6.2023<br>Состанок техничка 22.6.2023<br>Состанок со Училишен Инклузивен Тим 19.06.2023 |
| **Јули** | Наставнички совет 3.7.2023 и 5.7.2023<br>Состанок стручна служба 5.7.2023<br>По потреба индивидуални средби со вработените<br>Присуство на состанок на УО на 4.7.2023 |
| **Забелешка** | • Состаноци со градоначалникот 17.8.2022,24.8.2022, 14.10.2022, 24.2.2023 и 22.6.2023<br>• Состаноци со секторот за образование - .9.2022, 19.10.2022, 1.2023 , 24.2.2023, 2.3.2023, 11.4.2023, 4.5.2023 25.5.2023,15.6.2023,10.7.2023<br>• Соработка со локална заедница - во текот на целата година.<br>• Соработка со ДПИ, БРО и МОН - во текот на целата година по извршени инспекциски надзори.<br>• Соработка и средби со родители има во текот на целата година по барање на родителите.<br>Состанок со командир на полициска станица Карпош 2.3.2023<br>Состанок со инспектор за малолетничка деликвенција 9.5.2023 |

| | |
|---|---|
| | Соработка со медиуми-1.9.2022  10.5.2023 12.6.2023 и 19.6.2023 |

| ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализирана активност | Цели | Реализатор | Време на реализација | Методи и постапки за реализација | Постигнати резултати |
| Изготвување на годишна програма за сопствена Работа и изработка на план на активности | Дефинирање на активностите Редослед на активностите | психолог | Јули<br>Август | Согледувања од<br>досегашната практика, извештаи за работа | Изготвена функционална годишна програма за работа и изготвен план на активности |
| Учество во изработката на годишната програма за работа на Училиштето | Дефинирање на активностите | Директор, Психолог, Дефектолог, Наставници | Јули<br>Август | Дискусија,<br>Договори со тимовите за изработка | Изготвена програма за работа |
| Учество во работата на активите, одделенските совети и наставничкиот совет на училиштето | Навремено информирање, следење на ВОП | Директор, Психолог, Дефектолог, претседатели на активите, наставници | Јануари - Јуни | Дискусија ,договор | Изготвена програма заработа |
| Учество во изработка на годишен извештај за сопствената работа и работата на училиштето | Презентирање и проценка на работата на сите субјекти во училиштето и на квалитетот на ВОР | Директор, Психолог, Дефектолог, претседатели на активите, наставници | Јануари - Јуни<br>, | Обработка на податоци од дискусии, доставување на извештаи, | Изготвен годишен извештај за работата, утврдување на состојбите |
| Учество во изработка на самоевалуацијата на училиштето и план за развој | Проценка на работата на сите субјекти во училиштето и на квалитетот на ВОР | Директор, Психолог, тимови по подрачја, наставници, родители | Јуни – септември | Обработка на податоци од прашалници, дискусии, разгледување на извештаи, консултации | Работа во тимови, сумирање на добиените резултати, изработка на крајниот извештај за самоевалуација и планотза развој |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Помош на тимовите во изработка на програми за работа со ПОП (надарени ученици, ученици со потешкотии во учењето, емоционални проблеми, пор. на однесувањето) | Идентификација на учениците,<br>- определување на активностите | Директор, Психолог, наставници во тимови, дефектолог | Јули, август | Следење на реализацијата Разгледување на извештаи, записници, консултации со наставници, предлози | Изготвени програми за работа со ПОП: надарени ученици, ученици со потешкотии во учењето идр. и следење на реализацијата |
| Помош во изработка на програми за работа на тимовите на проектите и ученичките организации:ДО, УЗ и ПЦК | -Дефинирање на активностите Следење и реализација на активностите<br>-Поддршка на тимовите | Директор,Психолог,<br><br>наставници | Јули, август | Разгледување на извештаи,<br>записници, консултациисо наставници, предлози | Изработени програми за работа на: ДО, УЗ, за спречување на насилството во училиштето, за МИО и ЕКО интеграција |
